У-5.бр.1651/2019

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите м-р Есма Алибашиќ Јонуз - претседател на совет и судиите Виолета Богојеска и Ељмедине Асани - членови на советот, со записничар Јован Трпевски – раководител на одделение, решавајќи по тужбата на тужителот ЕКО ТЕ РЕЦИКЛЕ ДООЕЛ – Тетово, преку полномошник адвокат Александра Богданоски од Скопје, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-645/5 од 20.09.2019 година, од областа на јавните набавки, на седницата одржана на 06.02.2020 година донесе

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот ЕКО ТЕ РЕЦИКЛЕ ДООЕЛ – Тетово, СЕ УВАЖУВА.

Оспореното Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-645/5 од 20.09.2019 година, СЕ ПРЕИНАЧУВА и гласи:

Жалбата на ЕКО КЛУБ ДООЕЛ – Битола изјавена против Одлуката за избор на најповолен понудувач бр.02-3/106-4 од 05.09.2019 година, донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со поедноставена Отворена постапка бр.06078/2019 за набавка на услуги – медицински отпад на договорниот орган ЈЗУ Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија „Свети Еразмо“ – Охрид, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение бр.09-645/5 од 20.09.2019 година, Државната комисија за жалби по јавни набавки ја усвоила жалбата на економскиот оператор ЕКО КЛУБ ДООЕЛ – Битола и ја поништила Одлуката за избор на најповолен понудувач бр.02-3/106-4 од 05.09.2019 година, донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со поедноставена Отворена постапка бр.06078/2019 за набавка на услуги – медицински отпад на договорниот орган ЈЗУ Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија „Свети Еразмо“ – Охрид. Исто така била поништена и постапката за јавна набавка.

Незадоволен од наведеното решение тужителот поведе управен спор со предлог истото да се поништи и предметот врати на повторно постапување и одлучување, поради суштествени повреди на одредбите на постапката и погрешна примена на материјалното право. Во тужбата наведе дека во конкретниот случај целокупната постпака за избор на најповолна понуда е водена согласно Законот за јавните набавки, вклучувајќи го и изготвувањето на Тендерската документација во која меѓу другото во точката 11.2, согласно членовите 49 и 95 од Законот за јавните набавки ја предвидел и изјавата за докажување, односно утврдување на способност на понудувачот. Појасни и дека доколку жалителот ЕКО КЛУБ ДООЕЛ – Битола имал забелешки по однос на содржината на тендерската документација, не изјавил жалба во предвидениот рок според членот 143 став 1 точка 1 и став 2 од Законот за јавните набавки т.е. во рок од 5 дена од денот на објавувањето на огласот, туку тоа го сторил по донесување на одлуката за избор на најповолен понудувач.

Во одговор на тужбата тужениот орган остана при наводите од оспореното решение, од причина што не нашол пропусти во спроведувањето на конкретната постапка.

Судот постапи согласно членот 13 од Законот за јавни набавки и со Известување У-5.бр.1651/2019 од 22.01.2020 година го повика економскиот оператор – ЕКО КЛУБ ДООЕЛ – Битола како заинтересирано лице да достави свој одговор на поднесената тужба, кое иако било уредно примено на 24.01.2020 година, до денот на одржаната седница не достави свој одговор

Тужбата е основана.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган ЈЗУ Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија „Свети Еразмо" – Охрид спровела постапка за јавна набавка со Оглас за доделување на договор за јавна набавка со поеноставена Отворена постапка бр.06078/2019 за набавка на стоки – медицински отпад, за што претходно била донесена Одлука за јавна набавка бр.02-612/21 од 23.07.2019 година, постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки. Набавката не била делива и било предвидено истата да заврши со спроведување на е-аукција како последна фаза од постапката, а како критериум за избор била предвидена најниската цена, со барање од понудувачите во Огласот и Тендерската документација да достават Изјава за сериозност на понудата. До крајниот рок за поднесување на понудите – 29.08.2019 година пристигнале вкупно 2 понуди за што бил составен Записник од отварањето на понудите од 29.08.2019 година, па по извршената првична проверка на комплетноста и валидноста на пристигнатите понуди, Комисијата при договорниот орган прифатливите понуди ги поканила за учество на е-аукцијата да поднесат конечни цени, по што по завршувањето на е-аукцијата врз основа на електронски генерираниот Извештај за текот на е-аукцијата и бодувањето, Комисијата дала предлог како најповолна да биде избрана понудата на сега тужителот ЕКО ТЕ РЕЦИКЛЕ ДООЕЛ – Тетово, кој предлог бил прифатен и донесена Одлука за избор на најповолен понудувач бр.02-3/106-4 од 05.09.2019 година.

Против оваа одлука, економскиот оператор – ЕКО КЛУБ ДООЕЛ – Битола поднел жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, која со оспореното Решение бр.09-645/5 од 20.09.2019 година ја уважила и ја поништила Одлуката за избор на најповолен понудувач бр.02-3/106-4 од 05.09.2019 година, донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со поедноставена Отворена постапка бр.06078/2019 за набавка на услуги – медицински отпад на договорниот орган ЈЗУ Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија „Свети Еразмо" – Охрид, како и постапката за јавна набавка, констатирајќи дека договорниот орган постапил спротивно на Законот за јавните набавки кога ја евалуирал понудата на ЕКО ТЕ РЕЦИКЛЕ ДООЕЛ – Тетово прифаќајќи ја со тоа поднесената изјава за исполнување на критериумите на личната способност иако ваквата изјава не била во согласност со одредбите од Законот за јавните набавки т.е. членовите 49 и 95. Имајќи го предвид ова, тужениот орган утврдил дека договорниот орган сторил битна повреда по член 141 став 2 точка 6 од Законот за јавните набавки, од причина што содржината на тендерската документација била спротивна на одредбите од цитираниот закон, доведувајќи ги во заблуда економските оператори кои учествувале во конкретната постапка.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно членот 2 став 1 точка 10 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.24/2019), тендерска документација е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општо применливите прописи и сета дополнителна документација.

Согласно точката 11 од истиот член, прифатлива понуда е понуда поднесена од понудувачот која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон.

Согласно членот 49 став 3 од Законот за јавните набавки, кај поедноставената отворена постапка во прилог на понудата се доставува изјава за докажување на способноста или документи за утврдување способност.

Согласно членот 95 став 1 од Законот за јавни набавки, економските оператори доставуваат единствен документ за докажување на способноста и/или потврди, изјави и други документи.

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд тужениот орган не ги применил правилно горе цитираните законски одредби, кога при одлучувањето по поднесената жалба на економскиот оператор ЕКО КЛУБ ДОООЕЛ – Битола истата ја уважил и ја поништил Одлуката за избор на најповолен понудувач бр.02-3/106-4 од 05.09.2019 година, како и постапката за јавна набавка, поради фактот што поднесената изјава на избранит понудувач – сега тужител, согласно точката 11.2 од Тендерската документација иако била во согласност со Тендерската документација, ваквата изјава, но и тендерската документација не била во согласност со одредбите од Законот за јавните набавки т.е. членовите 49 и 95.

Од извршениот увид во списите од предметот, како и согласно цитираните законски одредби, Судот смета дека тужениот орган погрешно и неправилно го толкувал членот 49 став 3 од Законот за јавните набавки кој се однесува на правилата за спроведување на поедноставена постапка за јавна набавка во делот на докажување на способноста на учесниците во постапката. Имено во случајов, имајќи ја предвид проценетата вредност на предметот на набавката, се работи за поедноставена постапка за јавна набавка каде заинересираните економски оператори – учесници во постапката, способноста ја докажуваат со поднесување на изјава или документ за утврдување на способност, така што во конкретниот случај тужителот со доставената Изјава за исполнување на критериумие на личната способност, не само што постапил согласно точката 11.2 од Тендерската документација, туку истата била пред се барана и дадена согласно членот 49 став 3 од Законот за јавните набавки, според кој законодавецот предвидел алтернатива во поглед на докажувањето на личната способност кај ваквиот вид на постапки, односно или изјава за докажување на способноста или документи за утврдување способност.

Исто така Судот смета дека тужениот орган требал жалбените наводи по однос на содржината на тендерската документација во поглед на точката 11.2, да ги отфрли како ненавремени, бидејќи согласно членот 143 став 1 точка 1 в.в. став 2 од Законот за јавните набавки, во поедноставена отворена постапка рокот за жалба по односна содржината на тендерската документација изнесува 5 дена од денот на објавување на огласот, така што во конкретниот случај овој рок не е запазен, односно огласот е објавен во месец август/2019 година, додека жалбата е изјавена на 13.09.2019 година.

Согласно членот 143 став 1 точка 1 в.в. став 2 од Законот за јавните набавки, во поедноставена отворена постапка жалба се изјавува во рок од 5 дена од денот на објавувањето на огласот по однос на содржината на тендерската документација, додека жалителот кој пропуштил да изјави жалба во овој рок, нема право на жалба во подоцнежната фаза на постапката за истиот правен основ.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, Судот најде дека тужениот орган не ги применил правилно законските одредби во поглед на постапувањето по поднесената жалба.

Со оглед на наведеното, Судот одлучи да ги прифати како основани тужбените наводи на тужителот во делот кој се однесува на постапувањето на тужениот орган по повод изјавената жалба во делот на правилата за спроведување на поедноставена постапка за јавна набавка, но и постапувањето по поднесена жалба во случај кога жалителот го пропуштил законскиот рок за изјавување на жалба по однос на содржината на тендерската документација, па врз основа на погоре наведено а согласно членот 36 став 3 од Законот за управните спорови в.в. член 170 став 4 од Законот за јавните набавки се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Пресудено во Управниот суд на 06.02.2020 година под У-5.бр.1651/2019

Записничар - раководител на одделение<br>Јован Трпевски

Претседател на совет - Судија<br>м-р Есма Алибашиќ Јонуз

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2 .

Пресудата да се достави на:
-тужител преку полномошник адвокат Александра Богданоски од Скопје
- тужен орган

Претседател на совет - Судија<br>м-р Есма Алибашиќ Јонуз

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува Судски службеник

НК/